Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПРВ 2024, до 15.9.2023 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

Të nderuar përfaqësues të organizatave qytetare,

Ju falemnderojmë për interesin e shprehur për pjesëmarrje në Thirrjen deri te sektori civil për kontributin në përgatitjen e Programit të punës së Qeverisë së Repblikës së Maqedonisë së Veriut për vitin 2024. Formularin e plotësuar ( së bashku me bashkëngjitjet, nëse ka) dorëzoni te Njësia për bashkëpunim me organizatat joqeveritare e Sekretariatit të Përgjithshëm të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, në mënyrë elektronike në adresën nvosorabotka@gs.gov.mk **me shënim Iniciativa për PVQRMV 2024, deri më 15.9.2023.** Me dorëzimin e formularit vërtetoni se pajtoheni që iniciativa juaj të publikohet në faqen e internetit nvosorabotka@gs.gov.mk.

## Општи податоци за здружението / фондацијата

Име на здружението/фондацијата: Фондација за интернет и општество Метаморфозис

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 5922020

Седиште и адреса (улица, број, општина): ул. „Франклин Рузвелт“ бр. 19, кат 2 Општина Карпош, 1000 Скопје

Застапник: Бардил Јашари

Веб страница: https://metamorphosis.org.mk/

Електронска пошта (e-mail): info@metamorphosis.org.mk

Телефонски број за контакт: +389 2 3109 325; 070 327 261

Лице за контакт: Данче Даниловска Бајдевска

## Të dhëna të përgjithshme për shoqatën/ fondacionin

Emri i shoqatës/ fondacionit:

NVAS (numri amë i subjektit juridik sipas të dhënave në Regjistrin Qendror):

Selia dhe adresa ( rruga, numri, komuna):

Proqesverbali:

Faqja e internetit:

Posta elektronike ( e-mail):

Numri i telefonit për kontakt:

Personi për kontakt:

## Предлог- иницијатива за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година

## Propozim-iniciativa për Programin vjetor të punës së Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut Për vitin 2024

**Наслов на иницијативата:** Воспоставување на Опсерваторија за Дигитална агенда како самооценувачка структура

**Emri ( titulli) i iniciativës:**

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија)

Воспоставувањето на Опсерваторија за Дигитална агенда како самооценувачка структура придонесува кон седмиот стратешки приоритет на Владата за 2024 година, односно 'професионална и ефикасна јавна администрација, поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники'.

**Prioriteti strategjik:** (kontributi- lidhur me prioritetin strategjik të caktuar të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut)

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија)

Воспоставување на Опсерваторија за Дигитална агенда како самооценувачка структура придонесува кон остварување на следните приоритетни цели: 'одговорно, отчетно и транспарентно работење на институциите', 'зајакнување на внатрешната и надворешната контрола, финансиската инспекција во јавниот сектор, зголемување на транспарентноста и отчетноста во работењето на централно и локално ниво', и 'целосна имплементација на Концептот за дигитална трансформација на општеството кој се базира на принципи на владеење на правото, социјална кохезија и јавно приватно партнерство, слободен пристап до информациите од јавен карактер, веродостојни изворници на податоци, „дигиталното е стандардно" и „само еднаш" при испорака на услуги за граѓаните и бизнисите'.

**Qëllimi prioritar:** (kontributi- lidhur me qëllimin e caktuar prioritar të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut)

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)

Кластер 'Конкуренција и инклузивен раст'/ Поглавје 10: Информатичко општество и медиуми

Дигитална агенда за Западен Балкан

**NPAA** (lidhje me partneritetet e pranuara si dhe identifikimi adekuat i kapitullit dhe rajonit)

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

**Arsyetim:** (Përshkrim i shkurtër i iniciativës: arsyet e propozimit, lënda e rregullimit nëse bëhet fjalë pë akt ligjor ose nënligjor dhe organi kompetent i administratës shtetërore)

Дигиталната агенда за Западен Балкан е клучен столб на Стратегијата на Европската комисија за Западен Балкан објавена во февруари 2018 година, на која сите земји од Западен Балкан, вклучително и Република Северна Македонија се потписници. Дигиталната агенда опфаќа широк опсег на области од широкопојасна инфраструктура, модернизација на јавниот сектор и дигитализација на индустријата па се до дигитални вештини и сајбер безбедност, како и патоказ за намалување на трошоците за роаминг. Крајната цел на оваа агенда е да се поддржат земјите од регионот да успеат во нивната дигитална трансформација и подобро да се подготват за иднината во рамките на Европската Унија. Агендата се фокусира на клучните технологии и прашања кои ќе имаат особена корист за граѓаните од целиот регион.

Владите од Западен Балкан, меѓу кои и Владата на Република Северна Македонија немаат воспоставено структура според која ќе ги следат и евалуираат активностите кои државата како потписничка на Дигиталната агенда ги исполнува. Во рамки на тригодишниот проект ИЦЕДА координиран и спроведен од страна на Фондација Метаморфозис, Академија за е-владеење (анг. E-Governance Academy) од Естонија во соработка со партнерите подготви методологија за Опсерваторија за Дигитална агенда која партнерите од Западен Балкан ја спроведуваа во текот на изминатите три години и според која успешно ги мапираа напредокот и проблемите при имплементирање на Дигиталната агенда, и секоја година произлегуваа со патоказ со препроаки за подобрување.

Опсерваторијата за Дигитална агенда дава преглед на моменталниот статус на дигиталниот развој во државата и регионот и нуди препораки за идни активности во фокус области поврзани со спроведување на на е-Влада, подигање на јавната свест, дигитална писменост и вклученост на граѓаните. Истражувањето се спроведува врз основа на клучни индикатори содржани во претходно подготвен прашалник меѓу кои: политичка

волја и поддршка, координација на е-влада, правна рамка, дигитални бази на податоци, интероперабилност, безбедна размена на податоци, пристап до услуги, подигање на јавната свест, дигитални вештини, информациска безбедност и е-демократија/е-учество. Опсерваторијата се базира на спроведено десктоп истражување (преглед на реализирани истражувања, постојни документи за политики, национални стратегии, програми на Владата и на централните институции, јавно достапни извештаи и други релевантни извори), полуструктурирани интервјуа со лица директно засегнати и вклучени во процесите на дигитализацијата и со одговорни лица во институциите, фокус-групи со граѓански организации и бизнис секторот, тестирање на една национална политика и најмалку три е-услуги.

Имајќи предвид дека методологијата се користеше од 2020-2022 за тригодишно последователно следење на процесите поврзани со Дигиталната агенда во земјите од Западен Балкан, веќе е воспоставена солидна база на податоци и препораки за подобрување врз основа на која можат владите самостојно да продолжат со нејзиното имплементирање кое ќе обезбеди годишно мониторирање, евалуација и компаративна анализа за повеќегодишното спроведување на Дигиталната агенда. Методологијата на Опсерваторијата за Дигитална агенда треба да стане алатка за самоевалуација за Владата да може самостојно да го следи својот напредок и да ги детектира своите слабости со цел понатамошна стратегија за нивно надминување во соработка со другите клучни засегнати страни.

Надлежни органи за оваа стратегија треба да бидат Министерство за информатичко општество и администрација и Генерален секретаријат (Сектор за анализа на политиките и координација).

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

Очекуваните влијанија на долг рок се:

- Ажурирана база на податоци која го следи напредокот на државните активности поврзани со Дигиталната агенда и ги детектира слабости со цел

**Ndikimet e pritshme:** (Cilat janë ndikimet e pritshme nga propozim-iniciativa)

понатамошна стратегија за нивно надминување во соработка со другите клучни засегнати страни.
- Годишен извештај кој овозможува преглед на тековната состојба од развојот на Дигиталната агенда и дава увид во улогата на граѓанскиот сектор во таа сфера.
- Годишен патоказ кој служи како основа за дополнителни продлабочени истражувања, но и креирање стратешки документи што ќе водат кон унапредена дигитална трансформација.
- Поефикасно исполнување на заложбите од Дигиталната агенда за Западен Балкан на кој се има обврзано државата.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

Предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации, односно користење на постоечките човечки ресурси од институциите. Потребните средства не се обезбедени.

**Implikime financiare:** (A shkakton propozim-iniciativa implikime financiare? Nëse ka, a janë të siguruara mjetet e nevojshme dhe nga cilat burime?)

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):
- Академија за е-владеење, “Методологија за Опсерваторија на Дигитална агенда”
- Ирена Бојаџиевска, Наталија Шикова, Фондација за интернет и општество „Метаморфозис“, “Опсерваторија за Дигиталната агенда – Извештај за тековната состојба и патоказ за унапредување на Дигиталната агенда во Северна Македонија” (2022)
- Предраг Топиќ, Милош Миливојевиќ, “Опсерваторија за Дигитална Агенда, Завршно истражување за основната состојба за развој на е-влада и дигитална писменост во целните земји од Западен Балкан 2022”

**Bashkëngjitje** (me shënimin e autorit të dokumentit):

Потпис на застапникот

Nënshkrimi i përfaqësuesit

15.09. 2023 година ------------------------------ М.П.

------ 2023 ------------------------------ V.V